**СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ**

**Услови за старт на грејната сезона 2017/2018 година**

Се информира јавноста дека согласно член 43 од Правилата за снабдување со топлинска енергија („Службен весник на Република Македонија“ бр.97/12, 109/13, 126/15 и 127/15), снабдувањето со топлинска енергија на тарифните потрошувачи може да почне и пред 15 октомври **доколку прогнозираната средна надворешна температура за наредниот ден е еднаква или помала од 12$^0$C,** според податоците од Управата за Хидрометеоролошки работи на Република Македонија.

Регулаторната комисија за енергетика во периодот од 1 до 15 октомври постојано ги следи прогнозите за наредните денови и доколку се создадат услови за старт на грејната сезона, ќе се задолжат компаниите да отпочнат со производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија.

Регулаторната комисија за енергетика пред почетокот на грејната сезона побара информација за подготвеноста од носителите на лиценци за вршење на енергетските дејности производство, дистрибуција и снабдување со топлинска енергија, при што беше информирана дека истите се подготвени за почеток на грејната сезона 2017/2018 година.

**РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА**

Ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје, Република Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 / 02 3233-586 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk